# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.6 од 13.01.2012 година**

## Член 1

Во Законот за спречување на судир на интереси ("Службен весник на Република Македонија" број 70/2007 и 114/2009), во членот 20-г по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:
"Владата на Република Македонија на предлог на министерот за правда го уредува начинот на проверка на содржината на изјавите за интереси од членот 20-а од овој закон."

## Член 2

Во членот 21 по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи: "
- ги проверува изјавите за интереси,".

## Член 3

Подзаконскиот акт од членот 1 од овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

## Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".